- Горенаведените методи е препорачливо да се вршат 7 дена после крајот на менструланиот циклус, кај жени во фертилен период заради оптимална точност.
- Во присуство на позитивна семејна анамнеза се препорачува генетски тестови BRCA1 I BRCA2 мутации.



***ПРЕВЕНЦИЈА***

-Вршење на самопреглед во домашни услови,еднаш неделно

-При напипана грутка или појава на некои од симптомите-задолжителен преглед од лекар специјалист

-Задолжителен ЕХО преглед на дојка еднаш годишно после 35 тата година

-Мамографија на секоја втора година после 45 та година

-При присуство на два или повеќе ризични фактори-редовни прегледи од лекар специјалист



Самопрегледот на дојките секој месец служи за запознавање на сопственото тело. Овој преглед не може да спречи рак на дојка, но може да и помогне на жената подобро да ги разбере нормалните промени низ кои поминуваат градите, да препознае невообичаени знаци и симптоми порано за да може што поскоро да оди на лекар.

***Дефинитвна дијагноза се поставува само и единствено со биопсија на сомителната формација (грутка)***

Психолошката и психосоцијалната поддршка го олеснува справувањето и прилагодувањето на болеста и го подобрува квалитетот на животот и рехабилитацијата.

Граѓанските здруженија претставуваат вонинституционална форма на давање помош и поддршка, па затоа се важна поддршка за жените кои боледуваат од рак на дојка.

***Проект:*** ***Облечи розево-Облечи самодоверба***

ОРГАНИЗАЦИЈА ЖЕНА ДЕЛЧЕВО
ORGANISATION WOMAN DELCEVO
ул.Орце Николов бр.24 Делчево
e-mail: ozdelcevo@gmail.com

Оваа публикација е изработена со помош на Француска Амбасада во РСМ. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Организација„ЖЕНА“ Делчево и во никој случај не ги одразува ставовите на Француска Амбасада во Република Северна Македонија.

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté
Égalité
Fraternité




**ГРИЖИ СЕ ЗА СЕБЕ СО ЉУБОВ**

***САМОПРЕГЛЕДОТ НЕКА БИДЕ ТВОЈА РУТИНА***

***РАНОТО ОТКРИВАЊЕ СПАСУВА ЖИВОТ***

**Ракот на дојка е најчеста онколошка болест кај жените во 21ви век, со прогресивен раст од 1% на годишно ниво на дијагностицирани жени.**
**Во 2020 год., во Европа се дијагностицирани 576.337 жени со рак на дојка, од кои, 988 се во РСМ.**
Најголем број жени на кои им е дијагностициран рак на дојка се постари од 50 години, но и помладите жени можат да заболат од овој тип на рак. Постои голема можност за излекување доколку се открие во рана фаза. Туморите со големина до 1 cm се излечиви во 98% од случаите. **Поради овие причини, од витално значење е жените редовно да ги прегледуваат своите гради за какви било промени**. Иако ретко, и мажите можат да добијат рак на дојка.

***ШТО ГО ПРИЧИНУВА РАКОТ НА ДОЈКА***

Сè уште не е позната точната причина за ракот на дојка, па затоа е тешко да се каже зошто една жена го добива, а друга не. Сепак, познато е дека сè започнува поради оштетување на ДНК и мутација на клетките на ткивото на дојката, што предизвикува абнормален (неконтролиран) раст и репродукција на клетките на дојката. Таквите оштетени клетки се делат многу побрзо од здравите, се акумулираат формирајќи грутка, туморска маса. Резултатот е развој на малигнен тумор.

Ракот на дојката може да започне во различни делови на дојката.
Сепак, најчесто се јавува во млечните канали, а понекогаш се јавува во млечните жлезди на дојката, кои произведуваат млеко

***КОИ СЕ РИЗИК ФАКТОРИТЕ ЗА РАК НА ДОЈКА?***

Постоењето на еден или повеќе фактори на ризик не значи дека жената ќе добие рак на дојка.
Ракот на дојката е предизвикан од сложена интеракција на генетиката и факторите на животната средина:
-хормонален дисбаланс
-силно изразена мастопатија (бенигна хормонална промена во ткивото на жлездата)
-употреба на контрацептивни средства
-In vitro третмани
-семејна историја
-ризична возрасна група (жени во перименопаузален период од 40—60 годишна возраст)

***СИМПТОМИ:***

- Напипана грутка во регија на дојката
- Крвава секрет до брадавицата на дојката
- Задебелена и /или црвена кожа на дојката (синдром на портокалова кора) прпратено со болка или дискомфорт при палпација (опипување)
- Разранување на брадавицата без физички фактор( Пацетова болест)
- Подпазувните лимфни јазли понекогаш реагираат и се манифестираат со зголемени димензии како последица на малигнен процес во дојката и може да се палпираат пред да се дијагностицира болеста
- Повлекување на брадавицата кон внатрешноста на дојката
- Во крајните стадиуми на болеста може да има разранување на кожата, некроза на ткивото, оток на едната рака од страна на болната дојка (Лимфедем)

*Болката и дискомфортот кај жени во фертилна возраст со редовен менструален циклус, во периодот 7-10 дена пред циклусот* ***не е знак на малигна болест на дојка*** *и најчесто се должи на фиброцистична мастопатија*

***ДИЈАГНОСТИЧКИ МЕТОДИ***

- Анамнеза и клинички преглед од лекар спацијалист
- Ехографски преглед ( ултразвук)
- Мамографија
- Кај жени со изразена мастопатија или други фактори кои го комплицираат извршувањето со претходните методи на дијагностика, се препорачува MRI– магнетна резонансна томографија или CT–scan (компјутерска томографија)